јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" и.о.
Бр. 02-266/3
29.04 2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на чл. 15 т. 10 од Статутот на ЈКП ”Водовод” - Битолаи и чл. 27 од Деловникот за работа на У.О, Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ - Битола на седницата одржана на ден 29.04.2025 год. ја донесе следната:

ОДЛУКА

За усвојување на Анализата за стопанското работење на ЈКП ”Водовод” – Битола за период јануари - март 2025 год.

1. Се усвојува во целост Анализата за стопанското работење на ЈКП”Водовод” – Битола за период **јануари - март 2025 год.**

2. Анализата за стопанското работење на ЈКП ”Водовод” – Битола за период јануари - март 2025 год. е составен дел на оваа Одлука.

3. Составен дел на оваа Одлука е и Позитивното Мислење доставено од страна на Надзорниот одбор за материјално – финансиското работење во ЈКП „Водовод“ – Битола, во врска со Анализата за стопанското работење на ЈКП ”Водовод” – Битола за период јануари - март 2025 год.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од Одлуката да се достави до членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за материјално – финансиското работење во ЈКП „Водовоод“ – Битола и потребните служби во ЈКП "Водовод" - Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно законските прописи за материјално – финансиското работење на претпријатието, од страна на стручните служби при ЈКП „Водовод“ – Битола, изготвена е Анализа за утврдување на материјално – финансиските резултати од работењето на ЈКП “Водовод” – Битола, за периодот јануари – март 2025 год.

Управниот одбор на седницата одржана на ден 29.04.2025 год. разгледувајќи ја Анализата за стопанското работење на ЈКП ”Водовод” – Битола за периодот јануари – март 2025 год. а имајќи го во предвид и Позитивното Мислење доставено од Надзорниот одбор за материјално – финансиското работење во ЈКП „Водовод“ – Битола, истата едногласно ја усвои, при што одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О.

Ицо Велјановски